РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

АГЕНЦИЈА ЗА ЗАШТИТА НА ПРАВОТО НА СЛОБОДЕН
ПРИСТАП ДО ИНФОРМАЦИИТЕ ОД ЈАВЕН КАРАКТЕР

AGJENCIA PËR MBROJTJE TË SË DREJTËS PËR QASJE TË LIRË NË
INFORMATA ME KARAKTER PUBLIK

Бр./Nr. 04-457/10 Скопје, Shkup, 10.11 2020 година/viti

Врз основа на член 34 став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 101/19), а согласно член 52 став 1 од Законот за административни службеници („Службен весник на Република Македонија“ бр. 27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/16, 142/16 и 11/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 275/19 и 14/20) Директорот на Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информациите од јавен карактер донесе:

# О Д Л У К А

## За избор на кандидат за унапредување, по Интерен оглас бр. 1/2020 година

1. За извршител на работите на работното место **Советник за буџетска контрола** во Одделение за финасиски прашања, по спроведената постапка за унапредување се избира административниот службеник **Билјана Пушева**.

2. Оваа одлука влегува во сила по конечноста на истата.

## Образложение

Во врска со Интерниот оглас бр. 1/2020 година, за унапредување на 2 (два) административни службеници во Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информациите од јавен карактер, објавен на Веб страните на Агенцијата за администрација и Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информациите од јавен карактер, на ден 26.10.2020 година (понеделник), Комисијата за селекција за унапредување на административни службеници формирана со Решение, бр. 04-457/6 од 04.11.2020 година, ги спроведе двете фази за селекција, согласно член 51 од Законот за административни службеници.

Комисијата состави Финална ранг листа со предлог одлука за избор на интервјуирани кандидати за интерен оглас, бр. 04-457/8 од 09.11.2020 година.

Согласно наведеното, а врз основа на член 52 став од Законот за административни службеници, Директорот на Агенцијата одлучи како во диспозитивот на ова Одлука.

**Правна Поука**: Против оваа одлука незадоволниот кандидат има право во рок од осум дена сметано од денот на објавувањето на одлуката на интернет страницата на Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информациите од јавен карактер, да поднесе жалба до Агенцијата за администрација - Комисија за одлучување по жалби и приговори на административни службеници во втор степен.

**Директор**

**Пламенка Бојчева**

Подготвил: Реџебије Белуљи

Доставено до:
- Кандитатот
- Човечки ресурси
- Архива

Гоце Делчев бр.18 Скопје, П.Фах.561/Goce Delcev no.18 Skopje, PO.Box.561 тел./phone:+389 2 3127 453;+389 2 3118 038,факс/fax: 3114 695

Web: http://www.komspi.mk/ e-mail: komspi@komspi.mk